РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3658/2
18-01-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3658/1 од 22.10.2020 година, против лицето ///, овластен застапник на правно лице во приватна сопственост, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-3658/1 од 22.10.2020 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 22.10.2020 година, поднесена е пријава за лицето ///, овластен застапник на правно лице во приватна сопственост, и оформен е предмет број 12-3658/1 од 22.10.2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека пријавениот /// во својство на овластен застапник на /// - правно лице во приватна сопственост, во периодот од април 2017 година до јули 2019 година ја злоупотребил позицијата во друштвото и дека предизвикал значајна штета.

Во пријавата се бара постапување од страна на ДКСК преку преземање на истражни или други дејствија против субјекти кои според наводите од пријавата биле инволвирани во нанесување на штета на правното лице. Воедно, подносителот бара во рамки на законските можности да се спроведе истрага на банкарските сметки на субјектите посочени во пријавата со цел да се утврди нивната поединечна улога во наводното помагање на /// при злоупотребата на неговите овластувања. Подносителот предлага блокирање на сметките на посочените субјекти за времетраењето на истрагата, согласно неговите видувања за постоење на можност за повторување на дејствија што би можело да предизвика штета и на други правни лица.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и

судирот на интереси - наводите од пријавата упатуваат на сомневање дека е сторена штета на правно лице во приватна сопственост од страна на физичко лице назначено за овластен застапник во тоа правно лице, во соработка со други правни лица во приватна сопственост, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Горан Трпеноски**